„Нам ни е неопходно **системско справување со корупцијата и воспоставување нов вредносен систем** за што е предуслов јасно изразената волја на релевантните политички фактори во државата“, истакна претседателот Пендаровски на денешниот регионален форум за борба против корупцијата организиран од [Регионалната мрежа за развој и интегритет на Југоисточна Европа](#) (СЕЛДИ) и [Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата](#). Тој истакна дека неопходните реформи во сферата на владеење на правото и правната држава не треба да ги правиме за да ги задоволиме критериумите за членство во ЕУ, туку за **да ја вратиме довербата на граѓаните во институциите и во сопствената држава**.




На настанот учествуваа над 100 претставници од граѓански организации и од државни

институции од Северна Македонија и од земјите од регионот, а поддршка на граѓанскиот сектор во борбата против корупцијата даде и министерката за одбрана Радмила Шекеринска.

Експертите од СЕЛДИ го презентираа **Извештајот за процена на корупцијата во Северна Македонија** каде се анализирани податоците од анкетата спроведена во февруари 2019 година. Според него, **29,4% од граѓаните биле изложени на коруптивен притисок, а тоа проектирано на население изнесува 490.038 граѓани**. Од друга страна, корупцијата останува неказнива бидејќи **во 2018 година само 92 лица биле осудени за злоупотреба на службена должност или поткуп**, што ја сведува **ефикасноста на институциите на 0,02% случаи откриени и завршени со пресуда**. Уште една поразувачка статистика покажува дека **четири од пет граѓани (84%) очекуваат во иднина зголемување на притисокот за корупција**.



